Атанас Тасевски останува да живее во Лешок и ги ословувавме со Брезјанин. Атанас е оженет со Благица од родот Петкои од Непроштено. Благица(95) е ќерка на Богоја(31) од родот Петкои од Непроштено, кој има пет деца: Томче(92), Петко(93), Олгица(94), Благица(95) и Љубица(96). (Р. бр. 22, стр. 814, во ТОМ-2 ). Атанас со Благица имаат две ќерки: Виолета и Силвана. Виолета е мажена за Андре од Теарце , а Силвана е омажена во Ѓорче Петров.
Јас добро ги знам Трипун со синот Петар и внукот Сашо Милоски, како и со Атанас Тасевски со сопругата, кои се соседи со Младен Мисајловски. На Ладе, третиот син на Трипун не се сеќавам.
Интересно е дека има неколку лица дојдени во Лешок од Брезно (дедо Јане од родот Мишкалини, кои ние ги викавме Такарооj и дедо Петруш од родот Матеовци од Брезно, кои ние ги викавме Ќапељанооj ). Првите се презиваат Атанасовски и вторите Ончевски или Русевски, но, овие доселеници не ги ословувавме со Брезјани.
Од родот Брезјани убаво го познавам Петар Трипунов Милоски ( роден 1946 година во Лешок), кој е пасиониран фотограф и објавува на ФБ страницата стари и нови фотографии од природата.
За Петар Миловски и за неговиот син Саша Милоски, објавив посебен текст, кои се пасионирани фотографи, во моите две книги Лешок во Фотографии ( Р. бр. 5 и 15, стр. 172-174).
За **Саша** Милоски, синот на Петар, кој е роден 1970 година во Белград, објавив кратка биографија во книгата Лица од Лешок, Македонија. ( Р. бр. 25, стр. 160 ).
Петар Милоски и сопругата Љубица имаат син Сашо и ќерка Маја. Сашо е оженет со Марија и има син Стефан и ќерка Хелена. **Сашо** Милоски работи како секретар на главниот и одговорен уредник на Борба и го основаат фамилијарниот часопис Нада. Сашо Милоски во 1996 год. го основаат дневниот лист Блиц, кој е **прв приватен дневен весник во Србија.** Во Билц е назначен за генерален секретар на компанијата Блиц, а во 1998 г. со повеќе новинари го основаат дневниот лист Глас јавности, како генерален секретар на компанијата. Во 1999, Сашо се вклучува во политиката и се приклучува на Демохристијанската партија на Србија, во информативната служба и во летото 2011 година ја напушта политиката. Сашо Милоски-Биографија 2,под бр.(89) има богата музичка кариера и свири на гитара во неколку рок музички групи во Белград. ( Р. бр. 25, стр. 83, 85, 131, 132 и 160 ).
Сашо Милоски, има јако македонско чувство, за кое запишав во моите книги и неговото име произлегува од името Александар и не случајно Саша е голем и горд македонец. Инаку, добро е да се прочита Поглавието во оваа книга Имињата на нашите претци, во кои најбројно е името Александар и Александра и изведените имиња од основата на ова име, како: Сандро, Сашо, Санко, Ацо, Аце, Алексо, Александра, Санда, Сандра и др. Види, (Р. бр. 1 и 22, стр. 561-568 во ТОМ-1).
**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 32-33, 61, 131, 145, 211, 223, 225, 227 и 266-267), **Брезно, Брезјански мост и пут, Дабоќеej, Лешок, Македонија, род, слава, слик, сонце, Цинцарооj,**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Трипун + | Атанас + | Петар | Александар-Сашо | Хелена | |

## 9. Гаџооj

**Гаџооj** е **нов род** од Лешок, кои се доселени од с. Локвица, Призрен. Домашна слава е **Св. Аранѓел**. Куќата беше на запад од Бучејца, до Глигуровата воденца од Такарооj. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, Р. бр. 18, стр. 50 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).

Од овој род јас многу добро се сеќавам на дедо Митре - Гаџо и баба Митрејца ( Цана), кои имаа син Трпко и ќерка Ротка. Инаку, Цана, жената на Митре и Менча жената на Боро од родот Кокооj од Лешок се родени сестри.

**Трпко** со сопругата Даница од Форче од Цинцарооj имаат три ќерки: Дафинка, Цана и Бранка. Дафинка е мажена во Белград, е почината и има син Срѓан и ќерка Виолета. Цана Блажевска има два сина Трпе и Александар и Бранка Доказинска има син Михајло и ќерка Дајана. Михајло има син Марко и Дајана има два сина Дамјан и Давид-Марјан. Бранка Доказинска работи во одделот за платен промет на МВР, која ми вети фотографии од неа и од татко и Трпко.

**Ротка** има три деца: Славјанка, Винко и Снежа. Ротка со Иљо од Костадинооj, Долно маало, Лешок, има ќерка Славјанка. Ротка во вториот брак со Цветан од Тетово има син Винко и ќерка Снежа.

**Славјанка** има ќерка Виолета и син Зоран. Виолета е мажена во Белград и има син Дејан и Аце, а Зоран Билбиловски живее во Тетово и има два сина Мартин и Димче. Димче има две деца, ќерка Мина и Александар. Славјанка е генерација со сестра ми Милица и заедно учеа во Лешок. Славјанка, почина 2025 година.

**Винко** Смилевски има син Цветко и ќерка Благородна. Цветко има син Филип, оженет за Даниела, која е ќерка на Иљо од родот Белчевци од Лешок, а Благородна има син Лео и ќерка Тара.

Снежа, втората ќерка на Ротка е мажена во Белград и почината е.

Куќата од дедо Митре му припадна на Винко, кој доаѓаше во куќата и пред две три години ја продаде на Дејан Митрев Кировски од родот Кокооj, кој ги спои двата плаца и направи убава куќа.

Во октомври 2025 година разговарав со три внуци на дедо Митре Гаџо и тоа: Цана Блажевска, Бранка Доказинска и Винко Смилевски и сите тројца беа многу љубезни и имав многу добра соработка, при што ми дадоа повеќе податоци и ми испратија и фотографии, освен Бранка.

Трпко, беше учител во Шемшово, после се пресели во Ѓорче Петров и предаваше во Новоселски пат. За Трпко и учителите и учениците од мојата Генерација од Лешок има текстови во книгите. ( Р. бр. 1, стр. 148-157 во ТОМ-1; Р. бр. 7, стр. 82; Р. бр. 8, стр. 99, Р. бр. 12 и 14, стр. 96-104 и Р. бр. 19, стр. 14-75, 18-40, 73-77 и 180-181 ).

**в. Речник,** ( Р. бр. 18, стр. 36, 50, 71, 113-114, 131, 140, 211, 212, 223, 258, 266-267, и 258 )**, Бучејца, Гаџооj, Ѓорче Петров, Кокооj, Лешок, Љешек, род, рот, слава, учитељ, Цинцарооj, Школо,**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  | |
| Трпко + | Славјанка + | Дафинка + | Винко | Цанка | Бранка | Трпе | Александар | |

# 10. Глајнооj, род / Лалошооj

**Глајнооj** е **стар** род во Лешок. Името на родот Глајнооj ( Главинои ), се јавува во Лешок и Варвара. Овој род е староседелец. Домашна слава на родот Глајнооj е Пречиста, иста како и на родот Лалошооj, заштитничка е мајка Богородица. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ -1, стр. 848-860 и Табела бр. 22 и 22-а, стр.1120-1130 во ТОМ- 2; Р. бр. 18, стр. 51-52 и Р. бр. 25, стр. 79-85 ).

Денес живи потомци од родот Глајнооj има во Варвара, додека потомците од родот Глајнооj од Лешок, постепено од 17-18 век се преименуваат како Лалошооj (Лалошои). Денес, од